ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# ***АНАЛИЗА ЗА ЗГРИЖУВАЧКИТЕ СЕМЕЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

Мај, 2018 година, Скопје

**Резиме**

Република  Македонија како социјална држава е должна да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно уставното начело за социјална праведност.

Република Македонија вклучувајќи ги одредбите на меѓународните документи, прави заложби за обезбедување на посебна грижа, заштита и помош на семејството, предвидувајќи услови за почитување на најдобриот интерес на децата согласно нивните потенцијали и потреби во сите сфери на нивниот раст и развој (образование, здравствена и социјална заштита).

Државата предвидува посебна заштита за семејството и за децата, со нагласен акцент на заштитата на децата без родители и родителска грижа, како и на децата во ризик да останат без родителска грижа.

Правата,услугите и заштитата на децата без родители и родителска грижа во Р.Македонија од социјален аспект е регулирана со Законот за социјалната заштита и Законот за семејството и одредени подзаконски акти.

Во системот на социјалната заштита, заштитата на децата без родителска грижа се остварува низ повеќе форми: сместување деца кај близок сродник (старателство), посвојување, сместување во згрижувачко семејство и сместување во институција.

Сместување во згрижувачко семејство како вонинституционална форма на заштита во Р.Македонија постои уште од  1961 год. Бројот на згрижувачки семејства постојано расте, но не само бројот туку и мрежата постепено се шири, првите згрижувачките семејства биле концентрирани само во Скопје ,но денес постојат  низ повеќе градови низ Републиката и тоа во Прилеп, Македонски Брод, Крушево, Крива Паланка, Куманово, Велес, Битола, Кочани, Кичево, Кавадарци Охрид и Пробиштип.

На полето на развој и унапредување на оваа вонисնституционална форма на заштита  се прават напори да се се прошири мрежата  на згрижувачки семејства, да се поддигне квалитетот на грижа во постоечките згрижувачки семејства и да  се развијат специјализирани згрижувачки семејства.

Во последниве неколку години во Р.Македонија интензивно се работи на развивање на формата сместување во згрижувачко семејство како вонинституционална форма на заштита,моментално се регистрирани вкупно 172 згрижувачки семејства во кои се сместени 341 корисник од кои 302 деца до 18 годишна возраст.

***Анализата  има за цел да даде преглед на состојбата  на сместувањето во згрижувачко семејство како една од формите на заштита   на децата без родители и без родителска грижа од повеќе аспекти : развиеност на мрежата, соодветност на капацитетите на згрижувачките семејства и потребите на сместените деца, квалитетот на грижата ,потребите на згрижувачките семејства за поддршка  во грижата за децата .Анализата треба да послужи како основа за утврдување/планирање на  потребните активности за унапредување и развој на оваа форма на заштита како одговор на потребите на децата согласно нивниот најдобар интерес –обезбедување средина за развој најблиска до семејната. Актуелноста на развој на згрижувачките семејства е  уште поголема како одговор на процесот на деинституционализација.***

***Од спроведениот увид во згрижувачките семејства се констатира дека згрижувачките семејства ги задоволуваат критериумите за избор на згрижувачи и со капацитетите со кои располагаат се средина во која децата може да ги задоволат потребите, исклучок се 13 семејства во кои се констатирани отстапки од критериумите и за кои во посебните извештаи доставени до секој центар за социјална работа се препорачани активности за надминување на состојбите. Со оглед на тоа дека семејствата поминуваат низ различни животни и семејни фази и промени кои се рефлектираат на нивните капацитети и можности за справување со потребите на децата поврзани со нивниот раст и развој, здравствена состојба, образовни потреби и сл. потребно е да се зајакне следењето и поддршката од страна на месноналежниот центар за детето и месноналежниот центар за згрижувачкото семејство и нивна континуирана меѓусебна соработка.***

***Во дел од локалните заедници во кои има развиено мрежа на згрижувачки семејства ( Крушево и Македонски Брод ) недостасуваат ресурси на локално ниво за поддршка на згрижувачките семејства во задоволување на потребите на сместените деца од здравствен, социјален, образовен аспект ( во М.Брод нема дневен центар, а и центрите не располагаат со потребните стручни кадри)***

***Центрите за социјална работа започнале со примена на Стандардите и процедурите за постапување при сместување на корисник во згрижувачко семејство за сите семејства регистрирани по 2014 година (кога се изготвени овие стандарди и процедури), а во претходно евидентираните се применуваат при годишното преиспитување на предметите. Во центрите за социјална работа во кои се утврдени недостатоци во поединечните извештаи се дадени препораки за надминување на состојбите.***

Тргнувајќи од фактот дека сместувањето во згрижувачко семејство како вонинституционална форма на заштита за децата без родители и без родителска грижа е најблиска на семејната средина , дава позитивни резултати во нивниот живот и развиток, развиена е и се практикува во РМ ,претставува форма на заштита на локално ниво како ресурс за поддршка на семејствата и превенција од институционализација ,потребно е и натаму да се развива и осовременува оваа форма низ:

- осовременување на законските решенија и подзаконските акти и нивна примена
- примена на стандардите и процедурите за работа на ЦСР при сместување на корисник во згрижувачко семејство
- примена и почитување на Стандарди за квалитет
- рамномерна дистрибуција на мрежата низ целата Република
- мотивирање на помлади згруижувачи и за сместување на деца на помала возраст
- развивање на ресурси за поддршка на семејствата на локално и централно ниво
- обезбедување на континуирана едукација на згрижувачките семејства согласно нивните потреби

***Вовед***

Република Македонија се залага за обезбедување на посебна грижа, заштита и помош на семејството, предвидувајќи услови за почитување на најдобриот интерес на децата согласно нивните потенцијали и потреби во сите сфери на нивниот раст и развој (образование, здравствена и социјална заштита).

Државата предвидува посебна заштита за семејството и за децата, со нагласен акцент на заштитата на децата без родители и родителска грижа, како и на децата во ризик да останат без родителска грижа.

Според член 159 од Законот за семејството дете без родители и родителска грижа е дете чии родители не се живи, кои се исчезнати,непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чии родители без оглед на причините, привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности

Во Р.М. во актуелниот период бројот и видот на постојните форми на вонинституционална заштита не ги задоволува потребите на децата изложени на социјални ризици, што укажува на потребата од развој на постојните и воведување на нови форми за социјална заштита.

Сместување во згрижувачко семејство како вонинституционална форма на заштита во Р.Македонија постои уште од 1961 год.бројот на згрижувачки семејства постојано расте, а мрежата постепено се шири низ целата република, во континуиитет се преземаат активности за подигање на квалитетот на грижата во постојните згрижувачки семејства, како и развој на специјализирани згрижувачки семејства согласно потребите на децата без родители и без родителска грижа.

Заводот за социјални дејности како една од институциите во системот за социјална заштита низ годините во континуитет реализира активности во насока на согледување, следење на состојбите, предлагање на мерки и активности за осовременување и развој на оваа форма на заштита и поддршка на згрижувачките семејства да одговорат на потребите на сместените деца преку: учество во креирање на законските/подзаконските акти, стандарди и процесури за работа на центрите за социјална работа при сместување во згрижувачко семејство, непосреден увид во семејствата, поддршка во грижата за децата преку вклучување на дополнителна стручна помош согласно проценетите потреби на децата, (мобилни тимови, специјалисти), јакнење на капацитетите за грижа преку вклучување во обуки и сл.

Согласно Програмата за работа на ЗСД за 2018 година, Заводот во текот на првиот квартал реализира активности за согледување на состојбата со сместувањето во згрижувачко семејство во РМ,како основа за изготвување на Анализата преку следнава методологија:

- **Деск анализа** (преглед на законската и подзаконска регулатива )

**- Подготовка на обрасци за прашалници**

- **Теренска работа (**увид во досиејата во ЦСР за згрижувачките семејства и увид во згрижувачките семејства)

- **обработка на податоци** (за секој ЦСР поединечно и збирно за територијата на РМ)

- **изготвување на Извештаи** за секој ЦСР поединечно

**- изготвување на Анализата**

Активностите се одвиваа низ 4 фази и тоа:

1.**Подготвителната фаза со следните активности**:

- Консултирање на законските и подзаконските документи кои се однесуваат на згрижувачките семејства:

-Закон за социјалната заштита

-Правилник за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместените лица ( во понатамошниот текст Правилник )

-Закон за семејството

-Стандарди и процедурите за сместување корисник во згрижувачко семејство

- Изработка на обрасците за собирање на потребните податоци и информации за целната група и тоа:

-Изготвување на прашалник за згрижувачките семејства–за преглед на структурата на згрижувачките семејства по одредени параметри: возраст,национална припадност,работен статус,вкупни приходи на семејството,број на сместени корисници во едно згрижувачко семејство,години на стаж како згрижувач, поминати обуки и потреби

-Изготвување на прашалник за сместените корисници во згрижувачките семејства со следниве параметри: пол ,возраст ,здравствена состојба, национална припадност, претходна форма на заштита и сл.

- Изготвување на образец на табела за внес на податоците

- Изготвување на образец за извештај за секој цср

- Информирање на центрите за социјална работа

- Изготвување на допис до ЦСР кои се опфатени со анализата за давање на потребните насоки за постапување (обезбедување простор,досиеа,возило за терен,стручен работник и сл)

- Подготовка на тимот од ЗСД

-Изготвување на план за посети на центрите ( динамика и стручни лица од ЈУЗСД)

-Обука на вработените во ЈУЗСД за воедначен пристап при увид во досиејата и спроведувањето на анкетата со згрижувачките семејства и сместените корисници

**2.Фазата на собирање податоци на терен** се реализира преку следниве активности:

- Спроведување на анкетата со згрижувачките семејства преку увид во нивниот дом ( 116 згрижувачки семејства во кои се сместени 255 корисници) и тоа во ЈУМЦСР Скопје, Битола, Велес, Прилеп, Кичево, Македонски Брод, Крушево, Куманово, Пробиштип, Крива Паланка, Кавадарци, Охрид и Кочани
- Увид во досиејата на згрижувачките семејства и сместените корисници во ЈУМЦСР Скопје, Битола, Велес, Прилеп, Кичево, Македонски Брод, Крушево. Куманово,Пробиштип,Крива Паланка, Кавадарци, Охрид и Кочани) заради следење на примената на :

  - Законските и подзаконските акти од страна на стручните работници во наведените центри за социјална работа
  - Стандардите и процедурите за сместување корисник во згрижувачко семејство

**3.Фаза на обработка на добиените податоци од терен** :

- Внесување и обработка на добиените податоците
- Изготвување и доставување извештаи до ЦСР со констатирана состојба и препораки за понатамошно постапување

**4.Фаза на синтетизирање на поединечните податоци/наоди и изготвување на анализата**.

## НАОДИ

***Наоди од деск анализата (****Законски и подзаконски акти кои го регулираат сместувањето во згрижувачко семејство)*

Во Република Македонија сместувањето во згрижувачко семејство е препознаено како една од формите на заштита на децата без родители и родителска грижа која нуди грижа најблиску до семејната и затоа низ годините е осовременувана, законски регулирана и надоградувана со сите аспекти кои ја гарантираат заштита на најдобриот интерес на сместеното дете,водејќи сметка за специфичните потреби на децата низ годините. Законот за социјална заштита, Правилникот и другите документи (Стандарди и процедури,) ги дефинираат сите потребни услови за развој и примена на оваа форма на заштита и се основа за стручната работа на ЦСР од една страна, но и рамка за давањето на услугата од страна на згрижувачките семејства. (Прегледот на законските и подзаконските акти е даден во прилог 1) .

Сместувањето во згрижувачко семејство како форма на вонинституционална заштита на децата е регулирана во **Законот за социјалната заштита и Правилникот**, во кои е определено**:**

- Кој има право на сместување во згрижувачко семејств*о*
- Видот и бројот на корисници кои се сместуваат во згрижувачко семејство
- Критериумите за избор на згрижувачки семејства
- Видовите на згрижувања
- Што треба да обезбеди згрижувачкото семејство
- Што добива згрижувачкото семејство

Стручната работа на вработените во ЦСР при примена на формата сместување во згрижувачко семејство е утврдена со Стандардите и процедурите за работа на ЦСР при сместување во згрижувачко семејство (изборот и проценката на капацитетите на згрижувачкото семејство, потребната основна обука, изборот и подготовката на детето за сместување, планирањето на грижата, начинот и динамиката на следење на сместеното дете, утврдување на потребите на згриженото дете /згрижувачкото семејство,начинот на планирање на активности за промоција/поддршка на згрижувачките семејства на локално ниво). Стручните работници во центрите за социјална работа во континуитет имаат можност да ги надградуваат и развиваат своите вештини, знаења и компетенции за заштита на правата и интересите на децата преку разни форми на обуки, едукации, размена на искуства, градење на соработка на локално ниво, стручни состаноци за координација и поддршка и сл.

***Наоди од теренската работа***

Заводот за социјални дејности во првиот квартал од 2018 година согласно изготвен Оперативен план реализира теренска работа во 13 Центри за социјална работа во кои е развиена формата на сместување во згрижувачко семејство . Посетени се вкупно 116 згрижувачки семејства во кои се сместени 255 корисници и е спроведена анкета со згрижувачките семејства преку увид во нивниот дом и тоа во ЈУМЦСР Скопје, Битола, Велес, Прилеп, Кичево, Македонски Брод, Крушево, Куманово, Пробиштип, Крива Паланка, Кавадарци, Охрид и Кочани.

Според податоците со кои располага Заводот во Центрите за социјална работа во Р.Македонија се евидентирани вкупно 172 носители на згрижувачко семејство во 13 горенаведени општини во кои се сместени 341 корисник од кои 302 се деца, а со теренската работа се опфатени 67,4 % од згрижувачките семејства и 74% од сместените корисници.

***1. Структура на носителите на згрижувачкото семејство согласно наведените параметри:***

**Возраст**

Според *возраста* најмногу се згрижувачи во возрасна група од 50 - 60 год ( 81 згрижувач), во возрасна група од 40-50 год ( 53 згрижувачи), во возрасна група 30-40 год.

( 18 згрижувачи ) и од 25-30 год. ( 3 згрижувачи ).

Но не треба да се занемари и податокот за згрижувачите кои се во возрасна група над 60 годишна возраст (17) затоа што по наполнување на 65 години на згрижувачот му престанува правото да биде згрижувач (освен во исклучителни услови кога детето има наполнето 16 години и врз основа на наод и мислење на стручен тим од центарот може да остане во семејството до полнолетство , односно до завршување на средно образование) и треба навреме да се планира грижата за корисникот.

**Години на згрижување**

Згрижувачите во Р.М.се карактеризираат со голема постојаност во згрижувањето на деца, односно со долг т.н. ,,.згрижувачки стаж,, што претставува добар ресурс за обезбедување континуирана грижа за децата (42 згрижувачи згрижуваат деца во период од 10-15 години, 40 згрижувачи згрижуваат деца во период од 5 до 10 години, 23 згрижувачи згрижуваат деца во период над 15 години, 44 згрижувачи згрижуваат деца во период од 1 до 5 години и 20 згрижувачи згрижуваат деца до 1 година). Доколку овој податок го вкрстиме со периодот на престој на детето во едно згрижувачко семејство- се забележува дека поголем број од децата во ова семејство го поминуваат поголемиот дел од својот живот и одделни фази од својот развој (особено децата со попреченост), Ваквата состојба резултира со поголема приврзаност на детето за семејството од една страна, но и со големи побарувања од згрижувачките семејства во однос на грижата и поддршката на децата во нивниот развој , а особено на децата кои имаат потреба од голема помош и поддршка со оглед на нивна здравствена состојба и нивото на самостојност во функционирањето. Дополнително состојбата се усложнува поради ограничените капацитети и ресурси на локално ниво кои би можеле да дадат поддршка на згрижувачите и згрижените деца. Ваквите податоци укажуваат на потребата од добра проценка на севкупните капацитети на згрижувачкото семејство како би можело да одговори на сите потреби на згриженото дете и градење на ресурси за поддршка на локално ниво.

Пр. *Во Македонски Брод има 39 згрижувачки семејства во кои се сместени 52 деца од кои 40 се со посебни потреби. За овие деца во с.Манастирец има дневен центар без стручна помош и поддршка, за негово функционирање се грижи родител на возрасно лице со посебни потреби, но нема содржини кои одговараат на корисниците кои го посетуваат овој дневен центар. Исто така во рамки на центарот за социјална работа нема дефектолог или психолог кој би давал стручна*

*поддршка на корисниците сместени во згрижувачките семејства. За корисниците сместени во градот нема дневен центар кој би обезбедувал поддршка за децата/згрижувачите во секојдневната грижа,социјализација, развој на вештини, инклузија и интеграција во заедницата.*

**Степен на завршено образование на носителот на згрижувачкото семејство**

Податоците укажуваат дека поголем број од носителите на згрижувачкото семејство се со завршено основно образование (86), со средно се 70 згрижувачи, 8 со повисоко образование и тоа (5 со вишо и 3 со високо обрзование) и 8 со неоформено образование.

Степенот на завршено образование е еден од критериумите за избор на згрижувачко семејство, но тој неможе да се гледа издвоено од останатите квалитети преку кои се проценува морална подобност на личноста на згрижувачот и тоа:

- подготвеност за згрижување, мотивите за згрижување, ставовите по однос на вршење на дејноста
- структура на личноста во поглед на личните ставови, способности, интереси и емоциии
- квалитетот на партнерските односи во поглед на меѓусебната комуникација
- квалитетот на извршување на родителското право кон сопствените деца
- квалитетот на релациите со поширокото семејство и пошироката работна,воспитна и животна средина
- начинот на живеење и активности во слободното време

**Национална припадност**

Од податоците кои се однесуваат на ***националната припадност*** на носителите на згрижувачкото семејство може да се констатира дека најголем број од згрижувачите се од македонска национална припадност (113 згрижувачи) и ромска националност (52 згрижувачи), а 7 се од останатите националности

**Работен статус**

Податоците укажуваат дека најголем број од носителите на згрижувачко семејство се невработени (112 згрижувачи), а вработени се само 51 од згрижувачите, а 9 згрижувачи се пензионери. Најголем број од невработените згрижувачи се евидентирани во Скопје, Велес, Прилеп, Охрид и М.Брод.

Ако ги компарираме овие податоци со вкупните приходи на семејствата кои се движат најмногу 10 000 – 50 000 денари (вкупно 124 згрижувачи), се забележува дека згрижувачите најчесто егзистенцијата ја обезбедуваат од надоместок за трошоците за сместување и надоместокот за згрижување на сместеното лице вклучително и додатоци по основ на здравствен и образовен статус на детето (посебен додаток, детски додаток)

**Обуки на згрижувачките семејства**

Од спроведената анкета со згрижувачите се констатира дека сите носители на згрижувачкото семејство ја имаат поминато задолжителната почетна обука која ја спроведува стручен тим од центарот за социјална работа. Исто така имаат поминато и ПРИДЕ обука организирана од страна на СОС Детско Село Скопје, обуки за сексуалност, сексуално репродуктивно здравје и права на лицата со попреченост, а дел од згрижувачите и специјализирана обука согласно видот/потребите на сместениот корисник.

**Искажани потреби**

Од интервјуата со згрижувачите се констатираат неколку потреби на згрижувачите и тоа: почести посети од страна на центрите за социјална работа, зголемување на надоместокот и обуки за потребите на сместените корисници согласно развојните фази.

***2.Структура на сместените деца во згрижувачко семејство по одредени параметри***

**Број на сместени деца според место на живеење на згрижувачките семесјтва**

Во Р.Македонија има сместено вкупно 341 корисник во згрижувачко семејство од кои најголем број се евидентирани во ЈУМЦСР Скопје 142 корисници, 52 корисници во М.Брод и Манастирец, 41 корисник во Крушево, 36 корисници во Прилеп, 25 корисници во Велес, 13 корисници во Куманово,9 корисници во Охрид, 6 корисници во Кочани, 5 корисници во Пробиштип , по 4 корисници во Кичево и Кр.Паланка и 1 корисник во Кавадарци. Овие податоци покажуваат дека децата без родители и без родителска грижа од целата Република се сместуваат во згрижувачки семејства во општините каде има развиено мрежа на згрижувачки семејства. Тоа значи дека децата не секогаш можат да се згрижат во згрижувачко семејство блиску до местото на нивното претходно живеалиште со што се отежнува можноста за контакти со блиски сродници (145 деца кои сега живеат во згрижувачко семејство претходно живееле во своето биолошко семејство) доколку ги има, старател и сл.

**Број на сместени деца во едно згрижувачко семејство**

Бројот на сместени деца во едно згрижувачко семејство се движи од едно до пет деца и тоа: во 75 згрижувачки семејства е сместено по едно дете, во 54 семејства се сместени по две деца, во 18 семејства се сместени по три деца, во 11 семејства се сместени по 4 деца и во 12 семејства ( сите во Скопје) се сместени по 5 деца. При непосредниот увид во семејствата во дел од истите констатирана е потребата од преиспитување на капацитетите на згрижувачкото семејство во однос на задоволување на потребите на сместените деца согласно нивниот број,возраст и здравствена состојба.

**Полова структура**

Од вкупно 341 корисник сместен во згрижувачко семејство **според пол** има :185 машки и 156 женски деца.

**Возраст**

Во згрижувачките сеемејства се сместуваат деца од најразлични возрасти, актуелната состојба на сместените децата во однос на возраста е следна:

- до 6 год -75 корисници
- 6-10 год- 82 корисници
- 10-14 год- 85 корисници
- 14-18 год- 60 корисници
- над 18 год- 39 корисници

Во однос на ***возраста*** на сместените корисници во згрижувачко семејство според надлежен центар за социјална работа може да се констатира дека најголем број од децата на возраст до 6 год ( 37 деца) се сместени во згрижувачки семејства во Скопје, а најголем број на корисници над 18 годишна возраст (12) се сместени во згрижувачките семејства во Прилеп.

**Здравствена состојба**

Податоците кои се однесуваат на ***здравствената состојба*** на корисниците укажуваат на фактот дека во згрижувачките семејства се сместени поголем број на здрави корисници (204 корисници) во однос на лица со посебни потреби (137корисници).

Од вкупниот број на сместени корисници според здравствената состојба најголем број здрави (114корисници) се сместени во згрижувачките семејства за кои е надлежен ЈУМЦСР на град Скопје,но загрижувачки е податокот за сместените корисници во згрижувачките семејства за кој е надлежен ЈУМЦСР М.Брод каде има сместено најмногу лица со посебни потреби (од вкупно 52 корисника - 40 се корисници со посебни потреби). Дел од овие корисници (20) се сместени во с.Манастирец кое е одалечено 18 км од М.Брод, а центарот за социјална работа и општината немаат ресурси за поддршка како одговор на нивните потреби согласно здравствената состојба. Згрижувачите водејќи сметка за нивната здравствена состојба ги користат ресурсите на ниво на држава или во поблиските градови (Кичево,Прилеп) но тоа е пропратено со потешкотии околу организирање на патувањето, закажување на прегледи и долги чекања-што понекогаш поддршката ја прави неефикасна и ненавремена (оперативни зафати, ортопедски помагала, стоматолошки услуги и сл.)

**Национална припадност**

Од вкупниот број на сместени корисници според националната припадност се констатира дека 178 корисници се од македонска националност и 139 корисници од ромска националност,13 од албанска, 3 од турска и 8 останати. Корисниците од ромската национална припадност во најголем број (71 корисник) се сместени во згрижувачките семејства за кои е надлежен ЈУМЦСР на град Скопје, каде се евидентирани вкупно 25 згрижувачи од ромска националност - што дава можност за сместување на детето во културолошка средина најблиска до нивната семејна .

**Претходна форма на заштита**

Во однос на претходната форма на заштита се констатира дека од вкупниот број на корисници (341 корисник) сместени во згрижувачко семејство најголем број од корисниците (145) доаѓаат директно од биолошкото семејство. Оваа појава е најзастапена за сместените коисници за кои е надлежен ЈУМЦСР на град Скопје. Овој податок укажува дека не се постигнало многу во работата со биолошките семејства во нивната поддршка за задржување на детето во биолошкото семејство или сместување кај близок сродник,но од друга страна позитивно е затоа што за сместување е избрана средина најблиска на семејната-згрижувачко семејство, а не институција. Од друга страна дел од децата сместени во згрижувачко семејство се во рамки на процесот на деинституционализација кој започна во 2000 година. Така во М.Брод од вкупно 52 корисника сместени во згрижувачко семејство 42 корисника се деинституционализирани најчесто од Домот за доенчиња и мали деца Битола, или од Специјалниот Завод Д.Капија. Во Крушево од 41 сместен корисник во згрижувачко семејство, 31 корисник претходно бил сместен во установа.

***Наоди од увидот во досиејата***

Стручните работници од Заводот во рамки на активностите за изготвување на анализата реализираа увид во досиејата кои во ЦСР се водат за згрижувачките семејства, од аспект на реализираната стручна работа и примена на стандардите и процедурите за постапување на ЦСР при сместување на корисник во згрижувачко семејство (проценка - избор на згрижувачко семејство, планирање и следење на сместувањето, изготвување на потребна документација и сл.)

Од увидот во списите во досиејата се констатира следново:

- Стручните работници генерално постапуваат согласно законските критериуми за избор на згрижувачи согласно Правилникот за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита, но во одредени случаи има отстапки по однос на некои од критериумите (број на сместени деца, просторно-хигиенски услови и сл) за што се даваат конкретни препораки во извештаите за секој центар за социјална работа поединечно(дадени се за препораки за преиспитување на условите во 13 згрижувачки семејства).
- Стручните работници во центрите за социјална работа започнале со имплементација на Стандардите и процедурите за постапување при сместување на корисник во згрижувачко семејство, во новите згрижувачки семејства целосно, а во претходно регистрираните во рамки на потребното годишно преиспитување
- Во поголем број центри за социјална работа при првичната селекција на згрижувачи, се почитува постапката и методологијата за проценка на апликантите за згрижувачи, согласно законските барања (содржани се сите потребни документи за згрижувачите, како и поединечни наоди и наод и мислење на стручен тим); се реализира почетна обука за која згрижувачите добиваат соодветен сертификат и се изготвува договор, во кој се наведени правата и обврските на згрижувачот.

- При сместување на корисници (деца) во првичната проценка кај дел од досиејата се изработени сите потребни стручни документи.
- При годишно преиспитување за подобноста на згрижувачите и обновување на згрижувачкиот договор, досиејата содржат само законски потребни документи за згрижувачот и членовите на неговото семејство, а не и поединечни наоди и наод и мислење на стручен тим –што не е согласно Стандардите и процедурите.
- Следењето на сместеното дете непосредно по згрижувањето се реализира преку увиди во домот на згрижувачот, кои на почетокот на згрижувањето посетите се поинтензини и почести, а со текот на времето се сведуваат на две посети во текот на една календарска година. За сите направени увиди во згрижувачкото семејство постои записник.

Врз основа на теренската работа и утврдените состојби во згрижувачките семејства, грижата за сместените деца и увидот во досиејата во центрите за социјална работа се дефинираат следните:

**ЗАКЛУЧОЦИ:**

***Од спроведениот увид во згрижувачките семејства се констатира дека згрижувачките семејства ги задоволуваат критериумите за избор на згрижувачи и со капацитетите со кои располагаат се средина во која децата може да ги задоволат потребите, исклучок се 13 семејства (4 во Скопје, 3 во Велес, 3 во Крушево, 2 во Прилеп и 1 во Кавадарци) во кои се констатирани отстапки од критериумите и за кои во посебните извештаи доставени до секој центар за социјална работа се препорачани активности за надминување на состојбите. Со оглед на тоа дека семејствата поминуваат низ различни животни и семејни фази и промени кои се рефлектираат на нивните капацитети и можности за справување со потребите на децата поврзани со нивниот раст и развој, здравствена состојба, образовни потреби и сл. потребно е да се зајакне следењето и поддршката од страна на месноналежниот центар за детето и месноналежниот центар за згрижувачкото семејство и нивна континуирана меѓусебна соработка.***

***Во дел од локалните заедници во кои има развиено мрежа на згрижувачки семејства (Крушево и Македонски Брод) недостасуваат ресурси на локално ниво за поддршка на згрижувачките семејства во задоволување на потребите на сместените деца од здравствен, социјален, образовен аспект (во М.Брод нема дневен центар, а и центрите не располагаат со потребните стручни кадри)***

***Центрите за социјална работа започнале со примена на Стандардите и процедурите за постапување при сместување на корисник во згрижувачко семејство за сите семејства регистрирани по 2014 година (кога се изготвени овие стандарди и процедури), а во претходно евидентираните се применуваат при годишното преиспитување на предметите .Во центрите за социјална работа во кои се утврдени недостатоци во поединечните извештаи се дадени препораки за надминување на состојбите.***

Тргнувајќи од фактот дека сместувањето во згрижувачко семејство како вонинституционална форма на заштита за децата без родители и без родителска грижа е најблиска на семејната средина ,дава позитивни резултати во нивниот живот и развиток, развиена е и се практикува во РМ ,претставува форма на заштита на локално ниво како ресурс за поддршка на семејствата и превенција од институционализација ,потребно е и натаму да се развива и осовременува оваа форма. Во таа насока врз основа на сите согледувања и наоди Заводот за социјални дејности ги дава следните :

***ПРЕПОРАКИ :***

- Во рамки на активностите за реформи во системот на социјална заштита поврзани со измени и дополненија на Законот за социјална заштита и подзаконските акти, да се преиспитаат одредбите кои го регулираат сместувањето во згрижувачко семејство (критериуми за избор, поблиско дефинирање на професионалното згрижување, бројот и видот на сместени деца, цената на услуга, начинот на евидентирање на згрижувачките семејства и сл.)

- Во насока на подигање на квалитетот на правото на сметување во згрижувачко семејство во текот на 2017 година изготвени се Стандарди за квалитет на грижа кои се доставени до МТСП, потребно е да се почне со нивна имплементација.

- Да се реализираат активности за развој на мрежата на згрижувачки семејства на територијата на цела држава или да се обезбеди покриеност по региони(во секој ЦСР да се иницираат активности за регистрирање најмалку по едно згрижувачко семејство )

- Согласно интенцијата ,,ниедно дете да не се сместува во установа,, да се реализираат активности за мотивирање на семејства за згрижување на деца на помала возраст,. Како поддршка на овие згрижувачи може да се искористат ресурсите на постојните установи за деца без родители и родителска грижа ( Дом за доенчиња и мали деца Битола и Детски дом 11 Октомври).

- Во срединиte во кои актуелно постои развиена мрежа на згрижувачки семејства да се мапираат/развијат ресурси за поддршка на згрижувачкото семејство од образовен, здравствен, рекреативен аспект (Дневни центри за лица со попреченост, мобилни тимови од експерти и сл)

- Бидејќи во одредени средини има развиена мрежа на згрижувачки смејства и голем број на сместени корисници ,а центрите за социјална работа немаат доволно стручен кадар (М.Брод,Крушево) да се иницираат активности за ниво екипирање.

- Центрите за социјална работа каде што е развиена оваа форма на заштита да им бидат поддршка на згрижувачите да формираат здружение и заеднички да изготват програма со активности за самоподдршка.

- Заради подигање на квалитетот на згрижувањето во згрижувачките семејства потребно е да иницира постапка за отварање на Агенција/центар за поддршка на згрижувачките семејства на територијата на целата Република ( во регионот веќе има вакви искуства во Србија).

- Стручните работници во центрите за социјална работа во сите случаи да постапуваат согласно Законот за социјална заштита и Правилникот за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита. Во згрижувачките семејства во кои се утврдени отстапки /недостатоци да се реализираат активности за надминување на состојбите согласно дадените предпораки за секој центар поединечно.

- Центрите за социјална работа каде што е развиена ова форма на заштита да направат проценка на постоечките капацитети во згрижувачките семејства за прифаќање на нови корисници или пак намалување на бројот на прифатени корисници.

- Стручните тимови во сите случаи да постапуваат согласно Стандардите и процедурите за постапување при сместување на корисник во згрижувачко семејство.

- Во Програмата за работа секој Центар за социјална работа да планира активности за промовирање и поддршка на згрижувачките семејства согласно потребите на корисниците на локално ниво. На овој начин ќе се создадат можности секој центар да планира развој на згрижувачки семејства согласно потребите-со што ќе се направи порамномерна дистрибуција на мрежата на згрижувачки семејства на територијата на целата држава.

**ПРИЛОЗИ:**

**Прилог: 1 Законски основи на сместувањето во  згрижувачко семејство**

Согласно Законот за социјалната заштита згрижувачко семејство претставува вонинститиуционална форма на заштита.

***Право на сместување во  згрижувачко семесјство***

Согласно Законот за социјална заштита во згрижувачко семејство можат да бидат сместени:

- дете без родители и родителска грижа до оспособување за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето да се обезбеди на друг начин,
- дете со воспитно социјални проблеми(занемарено, злоставувано  и социјално необезбедено)
- дете со нарушено општествено поведение
- лице со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој упатено на оспособување за работно-производна активност,
- лице со најтешки пречки во интелектуалниот развој
- лице со трајна телесен попреченост
- старо лице
- возрасно лице со телесен попреченост и лице со пречки во кое не е во состојба само да се грижи за себе.

**Видот и бројот на корисници кои се сместуваат во згрижувачко семејство**

Видот и бројот на корисници кои се сместуваат во згрижувачко семејство зависи од индивидуалните потреби на корисникот, неговата возраст и потребите на згрижување, условите и можностите за грижа во згрижувачкото семејство

Во едно згрижувачко семејство можат да бидат згрижени најмногу

5 деца без родители и дете без родителска грижа и тоа

- 1 дете со воспитно-социјални проблеми (злоставувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство;
- 1 малолетен сторител  на кривично дело или прекршок;
- 2 лица со умерени и тешки пречки во менталниот развој,  лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега.
- 1 лице со најтешки пречки во менталниот развој

- 2 лица со трајна телесна попреченост
- 3 стари лица

По исклучок во едно згрижувачко семејство можат да бидат сместени најмногу до пет лица, ако истите се браќа и сестри

### *Критериум за избор на згрижувачкисемејства*

Видот и бројот на корисници кои може да се сместат во згрижувачко семејство зависи од индивидуалните потреби на корисникот, неговата возраст и потребите за згрижување, условите и можностите за грижа во згрижувачко семејство. (согласно Правилникот)

Како згрижувач покрај тоа што љубовта кон детето младиот човек или старото лице треба да биде основен мотив согласно Правилникот треба да се исполнат следните критериуми:

- возраста,
- степенот на образование,
- здравствената состојба,
- морални подобности,
- станбени услов

Подобноста на згрижувачите се проценува согласно Правилникот за сместување во згрижувачко семејство, Програмата за проценка на згрижувачкото семејство и обуката која задолжително треба да ја помине секое згрижувачко семејство..

Согласно Законот за социјална заштита покрај останатите категории на ризик нивните права и услуги што се реализраат во центрите за социјална работа, исто така и сместувањето во згрижувачко семејство е дел од активностите на центрите

Процената на згрижувачите се реализира со тимска стручна работа на социјален работник, педагог, психолог и правник врз основа на процена на исполнетоста на законски определените критериуми:

- возраст на згрижувачите
- степен на образование
- здравствена состојба
- материјални услови;
- станбени услови
- морална подобност преку
    - подготвеност за згрижување,мотивите за згрижување, ставовите по однос на вршење на дејноста
    - структура на личноста во поглед на личните ставови, способности, интереси и емоциии
    - квалитетот на партнерските односи во поглед на меѓусебната комуникација

- квалитетот на извршување на родителското право кон сопствените деца
- квалитетот на релациите со поширокото семејство и пошироката работна,воспитна и животна средина
- начинот на живеење и активности во слободното време

Согласно Законот за социјална заштита згрижувач може да биде лице кое ги исполнува следниве критериуми:

- да е полнолетно;
- да е деловно способно;
- да има општа здравствена состојба;
- да не е постаро од 65 години ;
- да постои разлика во возраста помеѓу згрижувачот и сместеното лице од најмалку 18 години;
- да не му е одземено или ограничено родителското право;
- да не му е изречена осуда за кривично дело со казна затвор повеќе од шест месеци;
- да има материјални и станбени услови за вршење на оваа функција, и
- да има завршено обука за згрижувач, спроведена од центарот врз основа на Програма за обука на згрижувачки семејства изготвена од Заводот за социјални дејности.

**Видови на згрижувања**

Согласно законот за социјална заштита постојат општо, специјализирано, интервентно и привремено згрижување.

**Општо** згрижувачко семејство, обезбедува грижа за личноста, воспитанието,

образованието, здравствената состојба и секојдневните потреби за сместеното лице, во зависност од неговата возраст и потреби.

**Специјализираното згрижувачко семејство** ги обезбедува исто така горенаведените активности кои се однесуваат за дете жртва на семејно насилство, дете со воспитно-социјални проблеми,малолетен сторител на кривично дело или прекршок, дете или лице со попреченост и старо лице, Специјализираното згрижувачко семејство треба да заврши специјализирана обука, спроведена од Заводот за социјални дејности.

**Интервентно згрижувачко семејство** ги обезбедува ги обезбедува исто така горенаведените активности кои се однесуваат за дете во случај кога е потребно итно згрижување на лице или дете кое е грубо занемарено или злоупотребено, или пак, кога родителот/старателот е спречен да се грижи за детето поради болест или смрт. Згрижувањето трае најмногу до 30 дена, во кој период центарот презема мерки за понатамошната форма на заштита, согласно со најдобриот интерес на детето, односно лицето.

**Привремено згрижувачко семејство** обезбедува згрижување на дете или лице згрижено во општо или специјализирано згрижувачко семејство, како и за дете или лице со ментална или телесна попреченост кое живее со родител/старател, заради одмор, терапија, лекување и завршување на домашни, семејни и професионални обврски на згрижувачот, односно родителот/старателот.

По престанокот на потребата од привремено згрижување,згрижувачкото семејство, односно родителот/старателот, ја продолжува грижата за дететоили лицето.Центарот врши избор на згрижувачкото семејство и го определува видот на сместувањето, согласно индивидуалните потреби на корисникот и неговата возраст.

**Професионален згрижувач**

Со измените на Законот за социјална заштита во 2004 година за прв пат беше предвидена можност физичко лице професионално да се бави со згрижувачката функција односно, да се самовработи и да обезбеди работен стаж и пензиска основица. Од јули 2009 година, со донесување на новиот Закон за социјална заштита, придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за вршење на ваква дејност се на товар на Буџетот на РМ. Ваквото решение овозможува зголемување на бројот на згрижувачки семејства и овозможува подигање на функцијата згрижувач на повисоко ниво, односно нивно самовработување.

Согласно Законот за социјална заштита, физичко лице може професионално да работи како згрижувач ако:

- има најмалку средно образование;
- не му е одземена деловната способност;
- не му е одземено вршењето на родителското право;
- има здравствена способност за вршење на дејноста згрижувач; и
- располага со соодветен простор и опрема за работа.

Физичкото лица, доколку сака професионално да работи како згрижувач, поднесува барање до месно надлежниот центар за социјална работа, кој во соработка со Заводот за социјални дејности, во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето изготвува мислење за можностите и просторот за вршење на дејноста. Врз основа на даденото мислење и приложената документација, министерот за труд и социјална политика издава дозвола за вршење на професионалната дејност-згрижувач.

Врз основа на решението, центарот за социјална работа склучува договор со згрижувачот со кој поблиску се уредуваат начинот, видот и обемот на услугите кои згрижувачот ги обезбедува на сместеното дете, како и се уредува начинот и висината на средствата кои ќе се исплатат за дадените услуги на детето кое е сместено во згрижувачкото семејство, со решение на центарот за социјална работа.

Министерството води евиденција на физичките лица на кои им е дадена дозвола за самостојно вршење на професионална дејност згрижувач.

Доколку згрижувачот сака дејноста да ја промени или прошири, се води постапка исто како и за поднесување на ново барање за вршење на професионална дејност згрижувач.

За престанокот на вршење на  дејноста одлуката ја донесува министерот за труд и социјална политика, со донесување на решение за престанок на важењето на дозволата за самостојно вршење на професионална дејност згрижувач, доколку не ги исполнува условите утврдени во законот, ако работите згрижувач не ги извршува лично или ако користи работа на други лица и ако престане со работа без претходно да го извести министерот за труд и социјална политика и центарот за социјална работа. Згржувачот е должен функцијата згрижувач да ја врши уште 2 месеца по поднесувањето на барањето за престанок со работа.

Дозволата за самостојно вршење на професионална дејност згрижувач, престанува да важи и по сила на закон, во случаи на смрт на згрижувачот, ако со правосилно решение на надлежен суд му е одземена или ограничена деловната способност или му е одземено вршењето на родителското право, ако со правосилна судска пресуда е осуден на казна затвор во траење од 6 месеци или му е изречена санкција за забрана на вршење на професионалната дејност згрижувач и доколку ја изгуби здравствената способност за вршење на дејноста. Во овие случаи министерот за труд и социјална политика  донесува решение за престанок на дозволата за самостојно вршење на професионална дејност згрижувач за соодветното физичкото лице.

## 2.5.Што треба да обезбеди згрижувачкото семејство

Згрижувачкото семејство на згриженото лице согласно неговата возраст, здравствената состојба и индивидуалните потенцијали и потреби треба да му обезбеди:

- сместување и згрижување во своето семејство
- исхрана,
- нега, општа и лична хигиена
- грижа за здравјето
- воспитание и образование /дневен центар
- неопходна облека и обувки
- услови за задоволување на етичките, културните, забавните и рекреативните потреби
- има обрска да овозможи редовните контакти со родителите, блиските сродници согласно насоките дадени од центарот за социјална работа.

**Што добива згрижувачкото семејство**

Согласно Законот за социјална заштита згрижувачот добива:

- надоместокзатрошоцитезасместување
- надоместок за згрижување на сместеното лице
- Паричен надоместок за згрижувач по навршување на 62 години возраст.
- згрижувачките семејства кои имаат згрижено дете со посебни потреби им се помага со тоа што можат да го вклучат детето во дневен центар.
- Стручна помош и подршка од страна на центарот за социјална работа
- Обезбедување на донација со подршка на владини и невладини организации

**Надоместок**

Згрижувачкото семејство добива месечен надоместок за трошоците за сместеното дете и надоместок за згрижување. Надоместокот за трошоците за сместеното дете изнесува 6250 денари, а надоместокот за згрижување изнесува 1.875 денари.

Надоместокот за трошоците за сместување на дете без родители и родителска грижа и дете со воспитно-социјални проблеми на училишна возраст се зголемува за 625 денари. За истиот износ се зголемува и надоместокот за згрижување.

Надоместок за трошоците за сместување на дете со нарушено општествено поведение, лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој и лице упатено на оспособување за работно- производна активност, лице со најтешки пречки во менталниот развој, лице со трајна телесна попреченост, старо лице, возрасно лице со телесна попреченост, како и возрасно лице со пречки во менталниот развој, се зголемува за 1.250 денари. За истиот износ се зголемува и надоместокот за згрижување.

Законот за социјална заштита дава можност за интервентно сместување на дете во згрижувачко семејство.

За вакво сместување Центарот склучува договор со определено згрижувачко семејство. Ваквото сместување трае се додека стручниот тим во центарот не донесе одлука за обликот на заштита на детето, но не подолго од 30 дена. Ова згрижувачкото семејство добива месечен паушал во висина од 2.000 денари, а надоместокот за трошоците за сместеното дете и надоместокот за згрижување, се пресметува во зависност од времетраењето на сместувањето.

**Паричен надоместок за згрижувач по навршување на 62 години возраст.**

Согласно Законот за социјална заштита згрижувачот има право на паричен надоместок за згрижувач.

Правото на парична помош за згрижувач е за згрижувач, кој згрижувал лице во своето семејство најмалку пет години, по наполнување на 62 годишна возраст, кој е невработен и не користи право на пензија по било која основа. Висината на паричната помош за згрижувачот изнесува 8.000 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година

***ПРИЛОГ 2:***
**Таб 1 Возраст на носителот на згрижувачкото семејство**

| Ред број | Центри за социјална работа | Број на згрижувачки семејства | 25-30 год | 30-40 год | 40-50 год | 50-60 год | над 60 год |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Скопје | 51 | / | 5 | 18 | 23 | 5 |
| 2. | Прилеп | 20 | / | / | 5 | 12 | 3 |
| 3. | Крушево | 27 | 1 | 4 | 6 | 15 | 1 |
| 4. | М Брод | 39 | / | 5 | 16 | 14 | 4 |
| 5. | Велес | 11 | / | 2 | 3 | 5 | 1 |
| 6. | Битола | 3 | / | / | / | 1 | 2 |
| 7. | Кавадарци | 1 | / | / | / | 1 | / |
| 8. | Куманово | 7 | 1 | / | 3 | 3 | / |
| 9. | Кичево | 3 | 1 | 2 | / | / | / |
| 10. | Кочани | 2 | / | / | / | 2 | / |
| 11. | Крива Паланка | 3 | / | / | / | 2 | 1 |
| 12. | Охрид | 3 | / | / | 2 | 1 | / |
| 13. | Пробиштип | 2 | / | / | / | 2 | / |
| | **Вкупно** | **172** | **3** | **18** | **53** | **81** | **17** |

**Таб 2.Степен на завршено образование на носителот на згрижувачкото семејства**

| Ред број | Центри за социјална работа | Број на згрижувачки семејства | Степен на завршено образование на носителот на згрижувачкото семејства | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | неоформено основно | основно | средно | високо | високо |
| 1. | Скопје | 51 | 5 | 27 | 17 | 1 | 1 |
| 2. | Прилеп | 20 | 2 | 8 | 9 | / | 1 |
| 3. | Крушево | 27 | / | 8 | 17 | 1 | 1 |
| 4. | М. Брод | 39 | / | 24 | 15 | / | / |
| 5. | Велес | 11 | / | 8 | 3 | / | / |
| 6. | Битола | 3 | / | 1 | 2 | / | / |
| 7. | Кавадарци | 1 | / | 1 | / | / | / |
| 8. | Куманово | 7 | 1 | 4 | 1 | 1 | / |
| 9. | Кичево | 3 | / | 1 | 2 | / | / |
| 10. | Кочани | 2 | / | 2 | / | / | / |
| 11. | Крива Паланка | 3 | / | 1 | 2 | / | / |
| 12. | Охрид | 3 | / | / | 1 | 2 | / |
| 13. | Пробиштип | 2 | / | 1 | 1 | / | / |
| | **Вкупно** | **172** | **8** | **86** | **70** | **5** | **3** |

**Таб 3 Национална припадност на носителот на згрижувачкото семејство**

| Ред број | Центри за социјална работа | Број на згрижувачки семејства | Националната припадност на носителот на згрижувачкото семејства | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | роми | албанци | турци | останати |
| 1. | Скопје | 51 | 15 | 26 | 4 | 1 | / |
| 2. | Прилеп | 20 | 14 | 5 | / | / | 1 |
| 3. | Крушево | 27 | 27 | / | / | / | / |
| 4. | М.Брод | 39 | 36 | / | / | / | / |
| 5. | Велес | 11 | 2 | 8 | / | 1 | / |
| 6. | Битола | 3 | 3 | / | / | / | / |
| 7. | Кавадарци | 1 | 1 | / | / | / | / |
| 8. | Куманово | 7 | 3 | 4 | / | / | / |
| 9. | Кичево | 3 | 2 | 1 | / | / | / |
| 10. | Кочани | 2 | / | 2 | / | / | / |
| 11. | К Паланка | 3 | 3 | / | / | / | / |
| 12. | Охрид | 3 | 2 | / | / | / | / |
| 13. | Пробиштип | 2 | 2 | / | / | / | / |
| | **Вкупно** | **172** | **113** | **52** | **4** | **2** | **1** |

**Таб 4 Работен статус на носителот на згрижувачкото семејство**

| Ред број | Центри за социјална работа | Број на згрижувачки семејства | Работен статус на носителот на згрижувачкото семејство | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | невработени | вработени | Пензионери |
| 1. | Скопје | 51 | 30 | 18 | 3 |
| 2. | Прилеп | 20 | 19 | / | 1 |
| 3. | Крушево | 27 | 17 | 8 | 2 |
| 4. | М. Брод | 39 | 21 | 18 | / |
| 5. | Велес | 11 | 10 | / | 1 |
| 6. | Битола | 3 | / | 2 | 1 |
| 7. | Кавадарци | 1 | 1 | / | / |
| 8. | Куманово | 7 | 6 | 1 | / |
| 9. | Кичево | 3 | 2 | 1 | / |
| 10. | Кочани | 2 | 1 | 1 | / |
| 11. | Крива Паланка | 3 | 1 | 1 | 1 |
| 12 | Охрид | 3 | 3 | / | / |
| 13 | Пробиштип | 2 | 1 | 1 | / |
| | **Вкупно** | **172** | **112** | **51** | **9** |

### Табела 5.Вкупни приходи на згрижувачкото семејство

| Ред број | Центри за социјална работа | Број на згрижувачки семејства | Вкупни приходи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | до 5000 ден | 5000 - 10 000 ден | 10 000- 20 000 ден | од 20 000 до 30 000 ден | од 30 000 до 40 000 ден | од 40 000 до 50 000 ден | над 50 000 ден |
| 1. | Скопје | 51 | 11 | 4 | 13 | 16 | 1 | 5 | 1 |
| 2. | Прилеп | 20 | / | 10 | 3 | 2 | 2 | / | 3 |
| 3. | Крушево | 27 | 1 | 2 | 14 | 7 | 2 | 1 | / |
| 4. | М Брод | 39 | / | 7 | 19 | 5 | 4 | 4 | / |
| 5. | Велес | 11 | / | 4 | 6 | 1 | / | / | / |
| 6. | Битола | 3 | / | / | 2 | 1 | / | / | / |
| 7. | Кавадарци | 1 | / | / | / | / | 1 | / | / |
| 8. | Куманово | 7 | / | / | 1 | / | 3 | 1 | 2 |
| 9. | Кичево | 3 | / | / | 2 | 1 | / | / | / |
| 10. | Кочани | 2 | / | 1 | 1 | / | / | / | / |
| 11. | К Паланка | 3 | / | 2 | 1 | / | / | / | / |
| 12. | Кратово | / | / | / | / | / | / | / | / |
| 13. | Охрид | 3 | / | / | / | 1 | 2 | / | / |
| 14. | Пробиштип | 2 | / | / | / | 2 | / | / | / |
| | **Вкупно** | **172** | **12** | **30** | **62** | **36** | **15** | **11** | **6** |

### Таб 6. Број на сместени корисници во едно згрижувачко семејство

| Ред број | Центри за социјална работа | Број на згрижувачки семејства | Број на корисници во згрижувачкото семејство | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 корисник | 2 корисника | 3 корисника | 4 корисника | 5 корисника |
| 1. | Скопје | 51 | 12 | 12 | 6 | 7 | 12 |
| 2. | Прилеп | 20 | 8 | 8 | 4 | / | / |
| 3. | Крушево | 27 | 16 | 10 | | 1 | / |
| 4. | Македонски Брод | 39 | 26 | 12 | 1 | | / |
| 5. | Велес | 11 | 1 | 6 | 3 | 1 | / |
| 6. | Битола | 3 | 3 | / | / | / | / |
| 7. | Кавадарци | 1 | 1 | / | / | / | / |
| 8. | Куманово | 7 | 4 | 1 | 2 | / | / |
| 9. | Кичево | 3 | 2 | 1 | / | / | / |
| 10. | Кочани | 2 | / | 1 | / | 1 | / |
| 11. | Крива Паланка | 3 | 2 | 1 | / | / | / |
| 12. | Охрид | 3 | / | 1 | 1 | 1 | / |
| 13. | Пробиштип | 2 | / | 1 | 1 | / | / |
| | **Вкупно** | 172 | **75** | **54** | **18** | **11** | **12** |

**Таб 7. Колку години е згрижувач**

| Ред број | Центри за социјална работа | Број на згрижувачки семејства | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | до 1 год | од 1 - 5 год | од 5 – 10 год | од 10 – 15 год | над 15 год |
| 1. | Скопје | 51 | 3 | 13 | 13 | 16 | 6 |
| 2. | Прилеп | 20 | 1 | 1 | 4 | 7 | 7 |
| 3. | Крушево | 27 | 5 | 7 | 8 | 6 | 1 |
| 4. | Македонски Брод | 39 | 6 | 15 | 8 | 3 | 7 |
| 5. | Велес | 11 | 1 | 3 | 2 | 5 | / |
| 6. | Битола | 3 | / | / | / | 3 | / |
| 7. | Кавадарци | 1 | / | / | 1 | / | / |
| 8. | Куманово | 7 | 2 | 2 | 2 | 1 | / |
| 9. | Кичево | 3 | / | / | / | / | / |
| 10. | Кочани | 2 | / | 2 | / | / | / |
| 11. | Крива Паланка | 3 | 1 | / | / | / | 2 |
| 12. | Охрид | 3 | / | / | 2 | 1 | / |
| 13. | Пробиштип | 2 | 1 | 1 | / | / | / |
| | **Вкупно** | **172** | **20** | **44** | **40** | **42** | **23** |

**Таб 8. Проценка на условите**

| Ред број | Центри за социјална работа | Број на згрижувачки семејства | Проценка на условите во згрижувачкото семејство | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ги исполнува условите | предлог за подобрување на условите |
| 1. | Скопје | 51 | 47 | 4 |
| 2. | Прилеп | 20 | 18 | 2 |
| 3. | Крушево | 27 | 24 | 3 |
| 4. | Македонски Брод | 39 | 39 | / |
| 5. | Велес | 11 | 8 | 3 |
| 6. | Битола | 3 | 3 | / |
| 7. | Кавадарци | 1 | / | 1 |
| 8. | Куманово | 7 | 7 | / |
| 9. | Кичево | 3 | 3 | / |
| 10. | Кочани | 2 | 2 | / |
| 11. | Крива Паланка | 3 | 3 | / |
| 12. | Кратово | / | | / |
| 13. | Охрид | 3 | 3 | / |
| 14. | Пробиштип | 2 | 2 | / |
| | **Вкупно** | **172** | **159** | **13** |

## Структура на сместените лица во згрижувачко семејства

### Таб1 Сместеното лице во згрижувачкото семејство според возраст

| ред број | Центри за социјална работа | Број на сместени лица во згрижувачки семејства | Возраст на сместеното лице во згрижувачкото семејство | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | до 6 год | 6-10 год | 10-14 год | 14-18 год | над 18 год |
| 1. | Скопје | 142 | 37 | 36 | 37 | 27 | 5 |
| 2. | Прилеп | 36 | 8 | 4 | 6 | 6 | 12 |
| 3. | Крушево | 41 | 9 | 10 | 9 | 7 | 6 |
| 4. | М. Брод | 52 | 8 | 16 | 14 | 7 | 7 |
| 5. | Велес | 25 | 4 | 4 | 7 | 6 | 4 |
| 6. | Битола | 3 | / | / | 1 | 2 | / |
| 7. | Кавадарци | 1 | / | / | 1 | / | / |
| 8. | Куманово | 13 | 1 | 4 | 3 | 4 | 1 |
| 9. | Кичево | 4 | 1 | 2 | 1 | / | |
| 10. | Кочани | 6 | 3 | 3 | / | / | / |
| 11. | Крива Паланка | 4 | / | / | / | / | 4 |
| 12. | Охрид | 9 | 1 | 2 | 5 | 1 | / |
| 13. | Пробиштип | 5 | 3 | 1 | 1 | / | / |
| | **Вкупно** | **341** | **75** | **82** | **85** | **60** | **39** |

### Таб 2 Сместеното лице во згрижувачкото семејство според здравствена состојба

| ред број | Центри за социјална работа | Број на сместени лица во згрижувачки семејства | Сместеното лице во згрижувачкото семејство здравствена состојба | |
|---|---|---|---|---|
| | | | здрави | Со посебни потреби |
| 1. | Скопје | 142 | 114 | 28 |
| 2. | Прилеп | 36 | 13 | 23 |
| 3. | Крушево | 41 | 10 | 31 |
| 4. | Македонски Брод | 52 | 12 | 40 |
| 5. | Велес | 25 | 20 | 5 |
| 6. | Битола | 3 | 2 | 1 |
| 7. | Кавадарци | 1 | 1 | / |
| 8. | Куманово | 13 | 9 | 4 |
| 9. | Кичево | 4 | 3 | 1 |
| 10. | Кочани | 6 | 6 | / |
| 11. | Крива Паланка | 4 | / | 4 |
| 12. | Охрид | 9 | 9 | / |
| 13. | Пробиштип | 5 | 5 | / |
| | **Вкупно** | **341** | **204** | **137** |

**Таб 3. Сместеното лице во згрижувачкото семејство според национална припадност**

| Ред број | Центри за социјална работа | Број на сместени лица во згрижувачки семејства | Сместеното лице во згрижувачкото семејство според национална припадност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | македонци | роми | албанци | турци | останати |
| 1. | Скопје | 142 | 60 | 71 | 6 | / | 5 |
| 2. | Прилеп | 36 | 18 | 13 | 1 | 1 | 3 |
| 3. | Крушево | 41 | 35 | 3 | 3 | | / |
| 4. | М.Брод | 52 | 32 | 19 | / | 1 | / |
| 5. | Велес | 25 | 9 | 15 | 1 | / | / |
| 6. | Битола | 3 | 3 | / | / | / | / |
| 7. | Кавадарци | 1 | 1 | / | / | / | / |
| 8. | Куманово | 13 | 6 | 5 | 2 | / | / |
| 9. | Кичево | 4 | / | 3 | / | 1 | / |
| 10. | Кочани | 6 | 2 | 4 | / | / | / |
| 11. | К. Паланка | 4 | 4 | / | / | / | / |
| 12. | Охрид | 9 | 3 | 6 | / | / | / |
| 13. | Пробиштип | 5 | 5 | / | / | / | / |
| | **Вкупно** | **341** | **178** | **139** | **13** | **3** | **8** |

**Таб 4 Сместеното лице во згрижувачкото семејство според формата на заштита**

| Ред број | Центри за социјална работа | Број на сместени лица во згрижувачки семејства | Претходна форма на заштита | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Биолошко семејство | Згрижувачко семејство | Установа |
| 1. | Скопје | 142 | 76 | 30 | 36 |
| 2. | Прилеп | 36 | 16 | 4 | 16 |
| 3. | Крушево | 41 | 9 | 1 | 31 |
| 4. | М. Брод | 52 | 3 | 7 | 42 |
| 5. | Велес | 25 | 19 | 3 | 3 |
| 6. | Битола | 3 | 1 | / | 2 |
| 7. | Кавадарци | 1 | / | 1 | / |
| 8. | Куманово | 13 | 4 | 7 | 2 |
| 9. | Кичево | 4 | 1 | 1 | 2 |
| 10. | Кочани | 6 | 6 | / | / |
| 11. | Крива Паланка | 4 | / | 2 | 2 |
| 12 | Охрид | 9 | 8 | / | 1 |
| 13 | Пробиштип | 5 | 2 | 1 | 2 |
| | **Вкупно** | **341** | **145** | **57** | **139** |

***ПРИЛОГ:***

***ПРАШАЛНИК ЗА ЗГРИЖУВАЧКИТЕ СЕМЕЈСТВА***

| **ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРИЖУВАЧИТЕ** | **Жена** | **Маж** |
|---|---|---|
| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | | |
| АДРЕСА<br>(село /град) | | |
| ВОЗРАСТ (дата на раѓање) | | |
| НАЦИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ | | |
| СТЕПЕН НА ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВАНИЕ | | |
| РАБОТЕН СТАТУС | | |
| ВКУПЕН ПРИХОД НА СЕМЕЈСТВОТО | | |
| СТАНБЕН ПРОСТОР<br>(вкупно $m^2$ и број на простори) | | |
| СОПСТВЕНОСТ НА СТАН /КУЌА | | |
| ПРОЦЕНКА НА УСЛОВИТЕ<br>(влага , осветленост, хигиена и сл)<br>ДА се наведе каде е проблемот што недостасува доколку има лоши услови) | | |
| ЧЛЕНОВИ ВО СЕМЕЈСТВОТО<br>(Број на малолетни /пополетни) | | |
| БРОЈ НА СМЕСТЕНИ ЛИЦА<br>малолетни/ полнолетни | | |
| КОЛКУ ГОДИНИ Е ЗГРИЖУВАЧ | | |
| ПОМИНАТИ ОБУКИ | | |
| ПОТРЕБИ | | |

***ПРАШАЛНИК ЗА СМЕСТЕНОТО ЛИЦЕ ВО ЗГРИЖУВАЧКО СЕМЕЈСТВО***

| | |
|---|---|
| **ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРИЖЕНОТО ЛИЦЕ** | |
| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
| ЦСР НАДЛЕЖЕН ЗА КОРИСНИКОТ | |
| ДАЛИ ИМА РОДИТЕЛИ<br>(да се наведе мајка /татко) | |
| ДАЛИ КОНТАКТИРА СО РОДИТЕЛИТЕ<br>(со кого,на кој нашин и колку пати во месецот контактираат) | |
| ВОЗРАСТ НА КОРИСНИКОТ ( дата на раѓање) | |
| НАЦИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ | |
| ПРЕТХОДНО КАДЕ БИЛ СМЕСТЕН КОРИСНИКОТ<br>(установа,биолошко семеј,згр.семејство) | |
| ДАТА НА СМЕСТУВАЊЕ | |
| ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА на корисникот (да се наведе вид и степен на попреченост ) | |
| ДАЛИ Е ВКЛУЧЕН ВО УЧИЛИШТЕ /ДНЕВЕН ЦЕНТАР | |
| САМОСТОЈНОСТ НА КОРИСНИКОТ | |
| ПОТРЕБИ | |